Здружение на граѓани
Институт за човекови права
Бр. 0506-56/3
18.10.2024, Скопје

U.S. Embassy Skopje

За потребите на проектот „Младите против врсничко насилство", финансиран од Амбасадата на САД во Скопје, врз основа на Договорот за грант меѓу Амбасадата на САД во Скопје и Институтот за човекови права бр. 0307-50/1 од 18.09.2024 година (во понатамошниот текст: Договор за грант), програмскиот тим на Институтот за човекови права испраќа:

ПОВИК 3/2024
за ангажирање на фасилитатор (психолог) за водење на обуки и работилници

1. Институтот за човекови права (ИЧП), во рамките на проектот „ Младите против врсничко насилство" (финансиран од Амбасадата на САД во Скопје) има потреба од **ангажирање на фасилитатор за водење на обуки и работилници,** кој ќе биде неопходен за успешно реализирање на целите на проектот.

2. Опис на активностите:

Во координација со Програмскиот координатор и тимот на ИЧП, фасилитаторот (психолог) заедно со уште тројца фасилитатори (јавни обвинители кои работат на предмети поврзани со малолетничка деликвенција и претставник од ИЧП) ќе треба да спроведе:

- 9 (девет) обуки со ученици од основно училиште (деветто одделение) и со ученици од средно училиште (прва година) како и 9 работилници со родители, наставен и стручен кадар од избраните училишта од кои:
  - 6 (шест) обуки ќе бидат спроведени во основни и средни училишта на територијата на Град Скопје и и 6 обуки со родители, наставен и стручен кадар во избраните училишта
  - 3 мешани обуки со ученици од основни и средни училишта во Гостивар, Штип и Битола и 3 работилници со родители, наставен и стручен кадар од наведените училишта

Подетален опис на услугите се дадени во проектната задача 3/2024 која е дел од овој повик.

3. Фази на спроведување (прелиминарна временска рамка)

   Временската рамка за реализација на услугата треба да се испорача во период 30 октомври 2024 до 30 септември 2025.

4. ИЧП ќе склучи договор за привремено вршење на услуги со избраниот фасилитатор (психолог) за реализација на активностите наведена во проектната задача 3/2024.

5. Понудата треба да содржи:
   - CV со фокус на потребната квалификација и искуство;
   - Финансиска понуда.

6. Изборот на фасилитатор (психолог) ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и финансиската понуда. Скалата на бодување врз чија основа ќе се изврши евалуацијата и избор на понуда е следната:

Квалитативна евалуација	Максимум можни бодови
Образование	30
Искуство во областа	30
Вкупно бодови	**60**
Финансиска евалуација	**Максимум можни бодови**
Цена	40
Вкупно бодови	**40**
Финална евалуација	**Максимум можни бодови**
Просечна оценка за квалитативна евалуација	60
Просечна оценка за финансиска евалуација	40
Вкупна оценка	**100**

7. Услови и начин на плаќање

За ангажманот предвиден е финансиски надоместок. Плаќањето ќе биде извршено по реализирање на секоја обука, односно работилница.

8. Начин на доставување на понудата

Понудите се доставуваат по електронски пат, на следниов е-маил: vesna.stefanovska@ihr.org.mk.

Краен рок на доставување на понудите е до **25.10.2024 година.**

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на повикот, нема да бидат земени предвид. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

За сите дополнителни појаснувања може да се обратите на е-маил адреса vesna.stefanovska@ihr.org.mk најдоцна до **22.10.2024 година**.

Институт за човекови права

Весна Стефановска,
Институт за човекови права